**Промоција**

# КРВАВА И СТРАШНА ХРОНИКА ЗА ДОСИЕ" ОД Д-Р ПЕТАР ПОПОВСКИ



АВТОРОТ Д-Р ПЕТАР ПОПОВСКИ, ДИРЕКТОРКАТА НА ДНИД "МАКЕДОНСКО СОНЦЕ", ЕЛИЗАБЕТА АНДОНОВСКА, И РЕЦЕНЗЕНТОТ ПРОФ. ИВАН БАБАНОВСКИ, ГОВОРЕА ЗА НЕПРЕБОЛОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ ВО "КРВАВО ДОСИЕ"

**"Светскиот неделник ја има таа чест, како издавач на 'Крваво досие', да придонесе за расветлувањето и потврдувањето на македонскиот идентитет со основна цел - македонската кауза секогаш да го има своето место, кое го заслужува...", ја почна промоцијата директорката на ДНИД "Македонско сонце", Елизабета Андоновска.**

**"Книгата е правена исклучително врз автентични материјали од турски документи, дневни извештаи на странската дипломатија во Македонија, патеписи на бројни патешественици, записи од цркви и манастири... Значи, книгата се базира исклучително на аргументација, која никој не може да ја побие", истакна авторот д-р Петар Поповски.**

**"Ова двотомно дело не е ода на злосторството и на страданијата. Тоа е епос на едно истрајување и опстојување, со Бога во себе и со аждери околу нас!", истакна рецензентот проф. Иван Бабановски.**



Пишува: Милева **ЛАЗОВА**

Под капата на издавачката дејност на светскиот неделник "Македонско сонце" и со целосна финансиска поддршка на познатиот донатор, господинот Владимир Ралев, почесен генерален конзул на Р Македонија во Швајцарија, во хотелот "Холидеј Ин" беше промовирано двотомното издание "Крваво досие" на авторот д-р Петар Поповски.

Двата тома на "Крваво досие" (арнаутскиот гего-мирдитски разбојнички тероризам во македонските земји - од 1700 до 2002 година), сведочат за еден мрачен период, полн со насилство и крвопролевање, извршени од гего-арнаутските разбојнички терористи врз напатениот и питом македонски народ.

Пригодна реч за авторот Поповски и за неговиот труд одржа госпоѓа Елизабета Андоновска, директор на ДНИД "Македонско сонце", додека за делото и за авторот зборуваше рецензентот, господинот проф. Иван Бабановски. Промоцијата беше збогатена со рецитал од познатот актер Славко Нинов, и со монолог за Македонија во изведба на режисерот Владо Денчов.

Секој том, од по 1.000 страници, е испишан со многубројни сведоштва, поткрепени со докази, собрани од многубројната документација до која доаѓа авторот д-р Петар Поповски и која темелно ја проучува.

"'Македонско сонце' ја има таа чест како издавач да придонесе за расветлувањето и потврдувањето на македонскиот идентитет со основна цел - македонската кауза секогаш да го има своето место, кое го заслужува, на овие простори и пошироко во светот. Д-р Петар Поповски, по професија новинар, долго време се занимава со публицистичка и научна дејност. Долгогодишното искуство во медиумите му донесе повеќе одликувања и објавувања на научни трудови, кои придонесуваат за афирмација на историјата на македонскиот народ. По потекло од подрачјето кое постојано било жртва на гего-арнаутскиот тероризам, од Малорекан-



НА ПРОМОЦИЈАТА ПРИСУСТВУВАШЕ И ОСНОВАЧОТ НА "МАКЕДОНСКО СОНЦЕ", ГОСПОДИНОТ ЃОРЃИЈА - ЏОРЏ АТАНАСОСКИ

# ВИСТИНАТА ЗА ТРИВЕКОВНОТО СТРАДАЊЕ НА МАКЕДОНЕЦОТ ОД ЗЛОТО НА ДИВИТЕ ГЕГИ

скиот предел, го поттикнува да се зафати со истражувачко-научна дејност, не со тенденција некого да оцрни, туку со цел да се извлече поука за последиците од тоа сурово и опасно време за да не се повторни во иднина", истакна госпоѓа Елизабета Андоновска.

Потоа рецензентот проф. Бабановски своето видување на делото го почна со една наша народна мудрост "таму каде што немаш избор, должност ти е да преживееш!"

"Можам само да претпоставам - потенцира проф. Бабановски - како преживува авторот на 'Крваво досие', д-р Петар Поповски, меѓу толкав број интелектуални предатори, кои својата чест, својот национален бит, својата христијанска вера си ги продале за бедни пари, за власт и за суета! Во својот огромен торечки опус, особено во делото кое ви го препорачувам, авторот Поповски предупредува: 'Кога се губи помнењето, чекорењето кон злото е приоритетна насока!' 'Крваво досие' не е ода на злосторството и на страданијата. Тоа е епос на едно истрајување и опстојување, со Бога во себе и со аждери околу нас! Секоја страница на оваа војна во мирот симболизира илјада невини христијански жртви... Секоја реченица е воздишка и лелек... Секој збор е проколнување... Секоја буква е молитва за опстојување во оваа библиска земја, со славното и големо име Македонија, на народот кој со десетици векови се именува како македонски".

Проф. Бабановски посочи дека за разлика од некои академици и кандидати за такви во РМ, Поповски со својата чесност, научност, втемеленост, објективност и смелост ги спротивставува: на предрасудите - разборитоста, на политиканството - стручноста, на идеологизацијата - научноста, на догматизмот - скептичноста, на манипулациите - искреноста, на незнаењето - знаењето, на лагите - вистината, притоа прашувајќи се имаме ли ние Македонците денес смисла и способност да ја сфатиме тежината на моментот во кој се наоѓаме, и колкава концентрација на најдобрите, кои ги имаме, ни е потребна за да ја одбраниме државата - која всушност е нападната.

"Авторот макотрпно настојува да ги ископа и да ги осветли сите факти за нашето постоење и опстојување на просторите од Матија. Досието не е затворено, напротив тоа останува отворено и по 2002 година. Крвава и страшна хроника. Тажна сторија: Како силните и бесчесните го ограбувале, го разорувале, го палеле и го жареле, го силувале Балканот... Сè со цел да изградат крчма и бордел за нивните настрани желби и перверзни страсти. За нивниот ќеиф, а на сметка на балканската раја, до денот денешен... Ете, така и Османлиите, пишува Поповски, ги донесоа Гегите од Курдистан и Какваз, за да ја спасат Анадолија од тоа зло невидено и ги населија во големото славјанско море, кое сакаа да го разбијат...", вели рецензентот.

*"...Летај, летај Македонецу мој, те мачи старата македонска клетва, отвори го срцето... крени ги рацете нека те осветли божјата светлост и летај, летај Македонецу мој... пред да кинисам на вишниот Олимп, на убавиот Пирин, на ширната Шар Планина ќе се простам од вас Македонци мои, како што е македонскиот завет од прадедовци за завет ви ја оставам татковината, родинава оваа прекрасна македонска земја, нескрбете ја од завист, омраза едни кон други, брат на брата да не биде... измијте се од чистите води македонски и со чисто срце бранете ја нашава мајка Македонија... Еден Македонец сите Македонци... древниот свет народ, тоа сте вие Македонци... Летај, летај Македонецу мој..."!*

*Владо Денчов*

Во прастарата татковина Гегите оставиле злосторство, крв и пепел. Ниту еден запис за културата, за обичаите и за нивните величија. Сал пустош, плач и чемер. Под знамето на злосторствата ги минале сите висови на Азија и на југот на Европа.

"На просторите кои ни ги дарувале Портата и Англосаксонците, односно Хабзбурговците, тие и не донеле ништо свое. Ниту јазик, ниту религија, ниту култура, ниту одредена национална припадност. Често се калемеле како рак-рана врз невините. Знаеле само да пљачкосуваат, да силуваат и да убиваат... знаеле и многу добро да слугуваат. Со помош на силните ги тероризирале послабите, изнемоштените, незаштитените и беспомошните. И не се срамеле да бидат измеќари, предавници, кукавици и подлеци. Во новиот свет си ја задржале психологијата на предатори, но сега веќе напаѓаат во глутница и врз организирани домородни народи и по нивните држави. Авторот д-р Поповски, нас Македонците, нè предупредува да не заборавиме", додаде проф. Бабановски.

**За Македонија ова дело е од исклучително значење токму од причина што авторот Поповски вложи повеќегодишен труд да ја прикаже богатата историја на македонскиот народ, неговите патешествија во вековното опстојување.**

На крај проф. Бабановски порача: "Продолжување на соживот без омраза - само ретки цивилизирани народи се способни да се здобијат и да ја променат таквата мудрост. Ние Македонците го носиме тој наук во генот... Другите, кои нè опкружуваат, вообичаено се враќаат на почеток и го плаќаат цехот за уште еден крвав круг!"

На промоцијата зборуваше и авторот д-р Петар Поповски, кој потенцираше дека во оваа книга е кажана само вистината за Македонија, од која не можеме да бегаме.

"Идејата за еден ваков труд ми се роди многу одамна кога сум слушал што сè се правело на нашите македонски простори. Мислев подоцна да објавам една книга која ќе ги одрази сите тие настани кои се случиле во едно многу тешко време. Меѓутоа, сфатив дека не ќе можам да се потпрам исклучително на кажувањата и дека ќе морам да барам аргументи, факти, за книгата да добие историско значење. И тоа го направив. Книгата е правена исклучително врз автентични материјали. Ќе посочам некои од нив - турските документи, дневните извештаи на странската дипломатија во Македонија, користев патеписи на многу патешественици, како и записи од цркви и манастири... Значи, книгата се базира исклучително на аргументација, која никој не може да ја побие", истакна авторот Поповски.

Тој додаде дека оваа книга треба да се гледа со други очи, дека не ја прави само да оцрни некоја етничка заедница, туку да ѝ стави до знаење на таа етничка заедница, која ги правела сите тие злодела три века наназад, дека маките и страдањата на македонскиот народ од нив не ги заборавме. Поповски состави само два тома од "Крваво досие", но како што вели, малку ќе бидат и 20 томови книги за да се кажат сите стравови, страданија, маки и ужаси на Македонецот.